Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 01-575/2
Охрид, 30.10.2026 год.

Врз основа на член 94 точка 22 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018, 178/21, 58/24 и 124/25), Сенатот на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, на седниците одржани на ден 04.12.2019 година, 24.03.2020 година, 28.09.2022 година и 30.10.2026 година, го донесе следниов

П Р А В И Л Н И К
ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ“ ОХРИД
(пречистен текст)

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1
Со овој Правилник се уредуваат условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

Член 2
Одредбите на овој Правилник ги применуваат единиците на Универзитетот што вршат високообразовна дејност на студии од прв циклус.

Член 3
Првиот циклус студии на Универзитетот се организира во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, статутите на единиците на Универзитетот и другите општи акти на Универзитетот.

Член 4
Со овој Правилник се обезбедува ефикасност на студиите како и реализација на насоките за создавање единствен простор на високо образование во Европа и примена на Болоњскиот процес преку обезбедување висок квалитет на студиите, зголемување на мобилноста на студентите и наставниците и зголемување на проодноста на студирањето.

ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ

Член 5
Единиците на Универзитетот можат да организираат два вида студии од прв циклус врз основа на акредитирани студиски програми:
- прв циклус академски (додипломски) студии и
- прв циклус стручни студии.

Првиот циклус академски студии (додипломски студии) трае три или четири години и со неговото завршување се стекнуваат 180, односно 240 ЕКТС кредити.

Стручните студии од прв циклус траат три години и со нивно завршување се стекнуваат 180 ЕКТС кредити, освен ако со Законот за високо образование не е поинаку одредено.

Во рамките на првиот циклус стручни студии можат да се реализираат и кратки стручни студиски програми со 60 до 120 ЕКТС кредити.

Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС кредити се стекнува соодветен стручен назив, во согласност со Законот за високо образование.

Член 6

Првиот циклус студии е во согласност со Европскиот кредит трансфер систем за пренос и акумулација на кредити (во натамошниот текст: ЕКТС), според кој за една година на студии се стекнуваат 60 ЕКТС кредити.

Член 7

Единствените основи за организирање и реализација на студиските програми и режимот за студирање според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС) се определени со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

УСЛОВИ И КРИТЕРИУМИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

Услови за запишување

Член 8

На прв циклус студии (академски, академски од областа на уметностите и стручни студии) може да се запише лице кое положило државна матура или меѓународна матура или кое завршило четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура и кое ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој Правилник и Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

На прв циклус студии може да се запишат и лица кои претходно завршиле соодветно вишо, односно високо образование, како и лица кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки, во согласност со условите во Конкурсот.

На студиите на кои е предвидено да се полага приемен испит, кандидатите треба да го положат и приемниот испит, покрај исполнувањето на останатите услови.

Единицата може да утврди и посебни услови за запишување на одредена студиска програма. Овие услови се составен дел од Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Право на запишување на прв циклус студии

Член 9

На прв циклус студии можат да се запишат:

- Државјани на Република Македонија кои средното образование го завршиле во Република Македонија;
- Државјани на Република Македонија кои средното образование го завршиле во странство;

- Иселеници и државјани на РМ кои целокупното образование го завршиле во странство;
- Странски државјани кои средното образование го завршиле во странство;
- Странски државјани кои средното образование го завршиле во Република Македонија;
- Други лица согласно со закон и/или конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Лицата од став 1, алинеи 1, 2 и 3 се запишуваат со плаќање партиципација или школарина согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии. Лицата од став 1, алинеи 4 и 5 се запишуваат како странски државјани со плаќање школарина за странци согласно со конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии.

Странските државјани ја плаќаат школарината за странци во текот на целото школување, освен ако поинаку не е регулирано со закон, меѓународен билатерален договор или друг акт. Доколку во текот на студирањето лицето стекне државјанство на РМ, студирањето го продолжува со плаќање школарина за државјани на РМ во износот кој важи на денот на поднесување на барањето од страна на студентот.

Студентот правото да студира како државјанин на РМ го остварува од денот на поднесувањето на барањето, доколку биде одобрено.

Студентот кој има отпуст од државјанство на РМ, студирањето го продолжува како странски државјанин со плаќање школарина за странци во износ кој важи на денот на поднесување на барањето од страна на студентот. Студентот со отпуст се стекнува со статус на студент странски државјанин на денот на правосилното на решението издадено од надлежен орган во РМ.

Доколку студентот од став 4 на овој член го заврши образованието, единицата има право по судски пат да бара студентот да ги надомести трошоците за студирање во износ на школарина за странски државјани. Лицата кои образованието или дел од образованието го стекнале во странство, должни се да достават документ од надлежен орган во Република Маедонија за признавање на стекнатото образование во странство.

Државјаните на Република Македонија имаат право на образование под еднакви услови на единиците во состав на Универзитетот.

Странските државјани можат, со примената на начелото на заемност, да се образоваат на единиците во состав на Универзитетот под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија.

Странските државјани, без примена на начелото на заемност, можат да се образоваат на единиците во состав на Универзитетот под услови што поблиску ги утврдува Универзитетот во Конкурсот.

Лицата без државјанство имаат право на високо образование на единиците во состав на Универзитетот под еднакви услови како и државјаните на Република Македонија.

Член 10

Право на запишување на прв циклус на образование имаат и лица кои не завршиле еднакво образование во странство.
Оценка за исполнетоста на условите за упис врши Комисија на Универзитетот, составена од 5 (пет) члена, што ја формира Ректорската управа.

Член 11

Студентите можат да се запишат како редовни или како вонредни студенти во согласност со условите наведени во Конкурсот.

Како вонреден студент може да се запише лице кое:

- Е вработено, за што приложува документ со кој се докажува вработувањето;
- Е работно ангажирано на друг начин, за кој што приложува документ со кој се докажува ангажирањето;
- Поради здравствени причини не е во состојба континуирано да ја следи наставата, вежбите и др. согласно со студиската програма, за што приложува соодветен документ со кој се докажува неговата здравствена состојба;
- Родител на дете до едногодишна возраст;
- Се отселило во странство;
- Ги исполнува условите за други случаи утврдени со општ акт на единицата.

Член 12

Универзитетот ја утврдува постапката за избор на кандидатите за запишување на начин кој гарантира рамноправност на сите кандидати без оглед на раса, боја на кожа, пол, род, јазик, вера, политичко или друго уверување, етничко, национално или социјално потекло, имот, раѓање, општествена положба, инвалидност, сексуална ориентација и возраст.

Странските државјани се запишуваат на студии на единиците во состав на Универзитетот под исти услови како и државјаните на Република Македонија и плаќаат школарина во висина утврдена од страна на Универзитетот.

Член 13

Запишувањето на прв циклус студии се врши врз основа на јавен конкурс што го објавува Универзитетот најмалку 5 (пет) месеци пред започнувањето на наставата.

Единиците до Универзитетот доставуваат предлог за бројот на студенти и висината на износите за партиципација/школарина на студиите.

Конкурсот се објавува во најмалку еден дневен весник што излегува во Република Македонија и на веб страните на Универзитетот.

Конкурсот содржи: име и адреса на Универзитетот, име и адреса на единицата на Универзитетот, назив на студиската програма за прв циклус студии, место на изведување на студиската програма, предвиден број слободни места за запишување, постапки и рокови за пријавување и изведување на уписот и запишувањето на студиите, времетраење на студиите, висината на партиципацијата/школаринаta, доколку студентот е должен да ги плати и други одредби.

Конкурсот се објавува на македонски јазик. На веб-страницата на Универзитетот конкурсот се објавува на македонски и англиски јазик.

Кандидатите се пријавуваат на објавениот конкурс со пополнување пријава за упис на прв циклус, во согласност со Конкурсот. Пријавата и другата потребна документација за упис наведени во Конкурсот се доставува до Универзитетот во согласност со објавениот конкурс. Во пријавата кандидатот мора да назначи за која студиска програма конкурира и дали конкурира за редовен или вонреден студент.
Покрај пријавата, кандидатот е должен да ги приложи сите документи утврдени во конкурсот.

Член 14

Постапката за рангирање и утврдување листа на примените кандидати, ја спроведуваат конкурсните комисии што ги формираат единиците на Универзитетот, во согласност со Конкурсот и Универзитетската конкурсна комисија.

Секоја единица на Универзитетот, која има студиска програма за која е распишан конкурс за запишување нови студенти, должна е да формира своја конкурсна комисија, пред објавување на конкурсот за запишување нови студенти.

Членовите на конкурсната комисија се избираат од страна на наставно-научниот совет.
Конкурсната комисија се грижи за реализација на постапката за пријавување и селекција на кандидатите, во согласност со одредбите содржани во конкурсот за запишување студенти.

Конкурсната комисија е должна тековно да доставува податоци за текот на постапката за пријавување, селекција и запишување нови студенти до Универзитетската конкурсна комисија.

Конкурсната комисија има обврска да подготви извештај за резултатите од запишувањето, кој го доставува до Универзитетската конкурсна комисија која пак доставува сублимиран извештај до Сенатот на Универзитетот.

За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира Универзитетска конкурсна комисија составена од наставен кадар и вработени од стручно-административната служба.

Универзитетската конкурсна комисија:

- Ја следни реализацијата на конкурсот на факултетите;
- Се грижи за унифицирана примена на одредбите од конкурсот и на упатството за реализација на конкурсот;
- Дава мислења во текот на реализацијата на конкурсот за запишување студенти;
- На барање на единицата, ги врши надлежностите на конкурсната комисија на единицата;
- Одлучува по приговори на кандидатите во постапката на селекција и запишување;
- Врши и други работи утврдени со овој Правилник и со општите и други акти на Универзитетот, како и за кои ќе биде овластена од ректорот.

Мислењата на Универзитетската конкурсна комисија се задолжителни за единицата.

Право на приговор
Член 15

Кандидатот кој не е задоволен од резултатот добиен со селекција на кандидатите, согласно со конкурсните услови, има право на приговор до Универзитетска конкурсна комисија.

Приговорот се доставува во рок од 24 часа од објавување на резултатите од селекцијата.
Резултатите од селекцијата се објавуваат на огласна табла и на веб-страницата на Универзитетот, при што се наведува времето на објавување.
Комисијата е должна да одлучи по приговорот на кандидатот во рок од 24 часа од истекот на рокот за неговото поднесување.

Одлуката на комисијата е конечна. Против одлуката на комисијата може да се поднесе тужба до Управен суд.

Запишување

Член 16

По конечноста на постапката за селекција на пријавените кандидати, кандидатот кој остварил право на запишување, но во предвидениот (огласениот рок) не извршил запишување, губи право на запишување, а правото за запишување го стекнува следниот кандидат на ранг-листата кој претходно не заземал место во рамки на одобрената квота за запишување студенти.

При запишувањето, студентите потпишуваат договор за студирање со кој се уредуваат за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

Договорот се потпишува од деканот/ректорот и студентот.

Со исполнување на обврските на студентот предвидени за запишување, а утврдени со конкурсот за запишување студенти и со овој Правилник, на студентот му се издава индекс.

Статутсот студент се докажува со индекс.

Член 17

Образованието на студентите може да се финансира од Буџетот на РМ или студентите да ги плаќаат самостојно трошоците за студирање.

За студентите чие образование се финансира од Буџетот на РМ, Универзитетот на предлог на единицата може да воведе партиципација во трошоците за студирање.

За студентите чие образование не се финансира од Буџетот на РМ, Универзитетот на предлог на единицата може да воведе школарина за студирање, во рамките на бројот на студентите определен со Конкурсот.

Максималните износи за партиципација/школарина ги утврдува Националниот совет по претходна согласност од Владата на РМ. Со партиципацијата/школаринаата се утврдуваат трошоците на студирање за една студиска година, односно за стекнување 60 ЕКТС кредити.

Член 18

Универзитетот нема да наплатува партиципација за:

- лица без родители помлади од 26 годишна возраст, доколку се невработени
- лица со инвалидност, согласно уредбата која ја донесува Владата по предлог на Националниот совет
- воени инвалиди
- лица растени во домови за напуштени деца доколку се невработени и
- други лица утврдени со уредбата на Владата донесена по предлог на Националниот совет.

Средствата за партиципација на овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Македонија.

Член 19

Одлука за бројот на студентите, чие образование се финансира од Буџетот на Република Македонија, на предлог од Универзитетот и по претходно мислење на Советот, донесува Владата на Република Македонија.

Одлука за бројот на студентите што се запишуваат надвор од бројот утврден во ставот 1 на овој член, донесува Универзитетот, под условите утврдени во Законот за високото образование, по претходна согласност од Владата на Република Македонија.

Член 20

Студент запишан во квота со партиципација го губи статусот на студент запишан во квота со партиципација и ги продолжува студиите во квота со школарина доколку:

- Еден ист семестар запишува по трет пат.

Одделението за студентски прашања и ЕКТС води сметка за исполнување на обврската од став 1 на овој член.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАСТАВАТА

Член 21

Студиската година почнува на 1 октомври, а завршува на 30 септември следната година и се дели на два семестри, зимски и летен.

Зимскиот семестар започнува на 1 октомври, а завршува на 14 февруари наредната година, а наставата трае од 1 октомври до 15 јануари наредната година. Тој трае 18 седмици (13 седмици настава + 2 колоквиумски седмици + 3 седмици испитен рок). Летниот семестар започнува на 15 февруари и завршува на 30 септември, а наставата трае од 15 февруари до 31 мај. Тој трае 21 седмица (13 седмици настава + 2 колоквиумски седмици + 2 x 3 седмици испитни рокови во јуни и септември).

Распустот трае не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година во согласност со студентскиот календар.

Летните активности на Универзитетот (летни школи, летни универзитети, летни семинари и др.) траат во времето од 30 јуни до 15 септември.

Во рамките на најмногу 40 недели годишно, вкупното оптоварување на студентите изнесува 1.500 часа годишно.

Во случаите од претходниот став на овој член студиските програми од првиот циклус содржат најмалку 20, а најмногу 30 часа предавања, вежби и семинари неделно и 30 недели годишно.

По исклучок, ако студиската програма содржи практично оспособување, вкупното оптоварување на студентот не смее да надмине 40 часа неделно и 45 недели годишно.
Оптоварувањето на студентите од ставот 6 на овој член опфаќа предавања, вежби, семинари, индивидуална настава и другите облици на студиите кои се соодветни на специфичноста на наставно-научната и уметничката област (практично оспособување, хоспитација, настапи, теренска работа и слично), консултативно-инструктивна настава, форми на континуирана проверка на знаењето, испити, контакт часови, како и индивидуална студиска работа (спортска работа, истражување на литература, семинарски задачи, проектна работа), самостојно учење, како и изработката на дипломска задача.

Член 22

Наставата се организира и изведува врз основа на утврден распоред на часови. Универзитетот, односно единиците се должни да го објават распоредот на часовите најдоцна 10 дена пред почетокот на наставата, на веб страната и на огласна табла.

Распоредот на часови содржи: име на студиската програма, студиска година, име на предметот, време (ден, час) на одржување на наставата, место на одржување на наставата (предавална/амфитеатар/лабораторија и сл.), име на наставникот и други информации за наставата.

Пред почетокот на семестарот секој предметен наставник е должен за секој предмет да изготви план за реализација на наставата кој се усвојува на наставно-научен совет на единицата пред почетокот на семестарот. Предметниот наставник е должен во првата седмица од наставата да ги запознае студентите со планот за работа на предметот и истиот да го објави на веб-страницата на единицата.

Член 23

Предметниот наставник и соработникот, во рамките на нивните надлежности, се одговорни за изведувањето на сите облици на настава: предавања, вежби, практична работа, менторство и др. и за реализација на предвидениот план за работа за соодветниот предмет.

Наставникот и соработникот, во согласност со претходниот став, се должни во текот на наставата, изработката на индивидуалните работи и подготовката за проверка на знаењето, да им помогнат на студентите преку организирање часови за консултации.

Термините за консултации треба да бидат усогласени со термините за настава и истите да бидат достапни за студентите преку јавно истакнување на огласна табла и на веб страна на Универзитетот.

Часовите за консултација треба да изнесуваат најмалку 4 (четири) часа неделно за наставниците и најмалку 8 (осум) часови неделно за соработниците, распоредени во најмалку два дена во текот на седмицата. Одлука во врска со овој став, донесува единицата на Универзитетот.

Пренесување на надлежност за спроведување на испити

Член 24

Во случај на спреченост на предметниот наставник, деканот може да му ги пренесе надлежностите за одржување на испитите по конкретниот предмет на друг наставник од иста или сродна наставно-научна област, или пак, на комисија за проведување на испит.

ПРАВА И ОБВРСКИ НА СТУДЕНТИТЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО

Член 25

Студентот има право да:

1. студира истовремено на повеќе студиски програми и да изучува дополнителни курсеви;
2. ги користи библиотеката и базите на податоци, просторот, опремата (учебните помагала), софтверот и друга научна и стручна инфраструктура на Универзитетот;
3. учествува во научно-истражувачката, уметничката и стручната дејност при што му се гарантираат авторски, пронаоѓачки и слични права и награди;
4. избира и да биде избиран како претставник на студентите во органите на Универзитетот и Единицата на којашто студира;
5. користи услуги на студентскиот стандард (сместување, исхрана, здравствена заштита и друго), градски и меѓуградски превоз според условите утврдени со закон од вршителите на соодветните дејности;
6. ги користи Универзитетските објекти за спортска и културна дејност;
7. ги продолжи студиите што ги прекинал под услови определени со Статутот на Универзитетот и овој Правилник;

8. користи распуст не помалку од 60 дена во рамките на една календарска година;
9. остварува соработка со студентите во земјата и во странство
10. се изјаснува за квалитетот на наставата и наставниците (да ги оценува на семестрално ниво)
11. остварува и други права во согласност со закон и со Статутот на Универзитетот.

Член 26

Студентот има обврска да:

1. ги исполнува задачите пропишани во студиските програми;
2. ги почитува одредбите од Законот за високо образование, Статутот на Универзитетот и другите правни акти на внатрешното уредување;
3. се придржува кон решенијата и одлуките на Универзитетот и на Единицата;
4. да ги почитува авторските права на авторите на учебниците, монографиите и учебните помагала и
5. да дејствува во согласност со студентскиот етички кодекс кој го подготвува и одобрува Универзитетот во согласност со студентското претставување.

Присуството на предавања и вежби е задолжително.

Студентот мора да исполни минимум 60% од присуство на вкупниот број предавања и вежби, за што евиденција води предметниот наставник и соработник.

Доколку студентот не исполни 60% од вкупниот број часови присуство, нема право да го полага испитот преку колоквиуми, а има право да го полага на завршно оценување (завршен испит).

Предметниот наставник е должен да внимава на кои студенти ќе им одобри полагање на прв колоквиум, односно доколку студентот не исполнил 60% од вкупниот број часови присуство во првиот дел од семестарот (пред спроведувањето на првиот колоквиум), нема право да полага преку колоквиум.

Доколку студентот не ги положи колоквиумите како начин на полагање на испитот, тогаш целата материја од предметната програма ја полага на завршниот испит. Ако предметот е во зимскиот семестар, ова право трае до првото наредно запишување на зимскиот семестар. Ако предметот е во летниот семестар, ова право трае до наредното запишување на летниот семестар.

Студентите, во текот на студиите, должни се да реализираат практична настава како дел од наставниот процес.

НАПРЕДУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО

Член 27

Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените кредити.

Студентот може да запише минимум 24 кредити, но не повеќе од 42 кредити во семестар.
Студентот може да запише помал број кредити од оние наведени во претходниот став доколку му се останати предмети што носат вкупен број кредити помал од 24.

Доколку студентот ги има реализирано сите останати обврски според студиската програма, но нема дипломирано, може да ги запише кредитите од дипломската работа и во зимски и во летен семестар.

Член 28

Студентот кој запишува зимски семестар, во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) што не ги положил заклучно со септемврискиот испитен рок од претходниот, односно претходните зимски семестри;
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните зимски семестри според студиската програма. Притоа, прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети;
- Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот зимски семестар, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните зимски семестри.

Член 29

Студентот кој запишува летен семестар, во тој семестар:

- Задолжително повторно ги запишува сите предмети (кредити) што не ги положил заклучно со февруарскиот испитен рок од претходниот, односно претходните летни семестри;
- Запишува нови предмети (кредити) од наредниот, односно наредните летни семестри според студиската програма. Притоа прво се запишуваат нови задолжителни предмети, а потоа нови изборни предмети;
- Ако студентот веќе ги реализирал сите обврски од претходниот, односно претходните летни семестри, тогаш сите предмети се нови предмети од наредниот, односно редоследно наредните летни семестри.

Член 30

Студентите кои повторно запишуваат предмети, смеат да запишат нов предмет којшто според студиската програма условува претходно полагање на предметот што повторно се запишува, но полагањето на предметите треба да е редоследно.

ЗАПИШУВАЊЕ СЕМЕСТРИ И ЕВИДЕНТИРАЊЕ СТУДИСКА ГОДИНА

Член 31

Студентите запишуваат семестри. Статус на студент во тековната студиска година на првиот циклус студии имаат студентите кои ќе запишат, односно презапишат семестар.
Запишувањето семестри се врши во согласност со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот.

Евидентирањето студиска година се врши врз основа на потребниот број освоени кредити.

При запишување на нов семестар, студентите задолжително пополнуваат Анекетен лист за оценување на наставниот процес согласно Упатство за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Универзитетот, кој пополнет го доставуваат до Одделението за студентски прашања и ЕКТС.

Член 32

Евидентирањето поодделни студиски години според бројот на освоени кредити, се однесува на водењето евиденција на студентите по студиски години, додека напредувањето во текот на студиите е поврзано со освоените кредити, во согласност со членовите 27, 28 и 29 од овој Правилник.

Член 33

Доколку студентот освоил најмалку 36 европски кредити се смета дека е студент во втора година на прв циклус студии.

Доколку студентот освоил најмалку 90 европски кредити се смета дека е студент во трета година на прв циклус студии.

Доколку студентот освоил најмалку 150 европски кредити се смета дека е студент во четврта година на прв циклус студии.

Доколку студентот освоил најмалку 210 европски кредити се смета дека е студент во петта година на прв циклус интегрирани студии.

Член 34

Студентите кои студираат на четиригодишна студиска програма, а кои ги имаат ислушано сите предмети предвидени со студиската програма и имаат освоено најмалку 180 кредити, се стекнуваат со статус на апсолвент.

Студентите кои студираат на тригодишна студиска програма, а кои ги имаат ислушано сите предмети предвидени со студиската програма и имаат освоено најмалку 120 кредити, се стекнуваат со статус на апсолвент.

Студентите кои студираат на петгодишна студиска програма, а кои ги имаат ислушано сите предмети предвидени со студиската програма и имаат освоено најмалку 240 кредити, се стекнуваат со статус на апсолвент.

Член 35

Студентите кои ги положиле сите предмети предвидени со студиската програма и до почетокот на новата студиска година го запишале, но не ја одбраниле дипломската работа, само ја евидентираат последната студиска година.

Студентите кои ги положиле сите предмети од зимските семестри предвидени со студиската програма, но сè уште имаат неположени предмети од летните семестри, во зимскиот семестар во новата студиска година не запишуваат предмети, туку само ја евидентираат студиската година.

Член 36

Запишувањето семестар, односно предмети во дадениот семестар се врши во согласност со претходно положените предмети и освоените кредити, според членовите 27, 28 и 29 од овој Правилник.

Член 37

Евиденцијата на предмети што се запишуваат, податоците дали тоа се повторно запишани предмети или нови предмети, како и висината на школаринатa се врши преку пополнување пријавни листови од страна на студентите при запишувањето предмети.
Формата и содржината на пријавниот лист ја пропишува Ректорската управа.

Точноста на податоците во пријавниот лист со свој потпис ја потврдуваат надлежниот референт во Одделението за студентски прашања и ЕКТС.

Запишаните предмети задолжително се евидентираат и во системот за електронска евиденција.

Член 38

Плаќањето на надоместокот за партиципација/школарина при запишувањето на семестарот се одредува според запишаните кредити.

Пресметката се врши на начин што надоместокот за партиципација/школарина се дели со бројот на кредити за една студиска година, односно со 60 и така добиениот износ се множи со бројот на запишаните кредити на нови предмети.

Студентите (во квота со партиципација, квота со школарина и вонредните студенти) коишто повторно запишуваат предмет, плаќаат 80% од партиципацијата, односно од износот за трошоците за студирање во согласност со статусот на студентот.

Член 39

Студентите запишани во државна квота, кои по третпат не остариле право за напредување во согласност со член 20 од овој Правилник, ги продолжуваат студиите како студенти што студираат со школарина.

Одредбата од став 1 не важи за студенти кои од оправдани причини по третпат не го остариле правото за напредување.

Како оправдани причини се сметаат:

- боледување подолго од 1 семестар
- бременост и породување
- отсуство од земјата во случај кога кандидатот е упатен привремено да извршува работи во странство, научно усовршување во странство, учество во научни и спортски експедиции и слично и
- други оправдани причини.

По барање на студентот од оправдани причини, наведени во претходниот став, студиите можат да бидат ставени во мирување, додека траат оправданите причини, но не подолго од две години. Одлука за ставање на студиите во мирување носи деканот на единицата на Универзитетот. Времето за коешто студиите се ставени во мирување не се засметува во вкупниот рок за завршување на студиите предвидени со овој Правилник.

Се смета дека студентот ги прекинал студиите доколку не запише семестар, заклучно до почетокот на наредниот семестар, иако ги исполнил условите.

Доколку за време на прекинот на студиите се измени студиската програма, или истата повеќе не е активна, студентот е должен да ги продолжи студиите по изменетата или новата студиска програма, при што е должен да ги ислуша, да ги исполни и да ги полага разликите во изменетата студиска програма. Одлука за продолжување на прекинатите студии по барање на студентот носи деканот на единицата на Универзитетот.

За времетраењето на прекинот на студиите, студентот не плаќа партиципација, односно школарина.

МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ И ПАРАЛЕЛНО СТУДИРАЊЕ

Член 40

Студентите имаат право и можност да запишуваат и полагаат предмети на други студиски програми во рамките на единицата, на други единици на Универзитетот, на други универзитети во земјата и на други универзитети во странство, во рамки на програми за мобилност на студенти.

Кредитите можат да се пренесуваат од една на друга иста, слична или различна студиска програма во рамките на високообразовните установи во земјата и странство.

Критериумите и условите за пренесување кредитите и условите за преминување меѓу студиските програми поблиску се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, со други општи акти на Универзитетот и со договорот склучен меѓу високообразовните установи.

Член 41

Премин од една на друга студиска програма, доколку постои можност и под услови дефинирани со посебна одлука на единицата, може да се оствари ако се работи за:

- премин од една на друга програма академски студии
- премин од една на друга програма стручни студии
- премин од академска студиска програма на програма на стручни студии.

Премин од програма на стручни студии на програма на академски студии не може да има.

Студентот има право на преминување од една на други студиска програма и при запишување во прва учебна година, се до затворањето на матичните книги, доколку на студиската програма на која преминува не е пополнета квотата.

Студентот кој преминува е должен да се запише до завршување на уписниот рок.

Студентот кој преминува ги продолжува студиите со плаќање школарина, доколку на студиската програма на која преминува е пополнета квотата со партиципација.

Член 42

Во постапката за признавање положени испити/освоени кредити, при премин од една во друга студиска програма, за еден предмет од едната студиска програма, може да се пренесе и друг број на кредити на студиската програма, и тоа:

- Ако предметите од двете студиски програми имаат иста содржина или се со висок степен на компатибилност, но носат различен број на кредити, на студиската програма на која се продолжуваат студиите, целосно се признава испитот и се прифаќа бројот на кредити предвидени според таа студиска програма.
-

Доколку станува збор за премин од една на друга студиска програма во рамките на истата единица на Универзитетот, тогаш признавањето на испитот и пренесувањето на кредитите се реализира без посебна процедура, со одлука на наставно-научниот совет на единицата.

Доколку станува збор за признавање на испити и пренесување кредити при премин од една на друга студиска програма од различни единици од истиот или од други универзитети, тогаш процедурата за признавање се реализира преку комисијата за признавање испити и пренесување кредити на единицата на Универзитетот каде преминува студентот.

- Ако предметите од двете студиски програми имаат делумна компатибилност, на студиската програма на која се продолжуваат студиите, испитот се признава делумно. Комисијата за признавање испити, во соработка со предметниот наставник на соодветниот предмет, ги утврдува потребните дополнителни активности од страна на студентот (семинарски трудови, делумно полагање на поодделни теми итн.) за целосно признавање на испитот и стекнување предвидениот број кредити за предметот од студиската програма на која се префла студентот.

- Ако предметите од двете студиски програми не се компатибилни, не може да има признавање на испитот и пренесување на кредити. Одлука за истото носи наставно-научниот совет по предлог на комисијата за признавање испити и пренесување кредити.

Премин од редовен во вонреден студент
Премин од вонреден во редовен студент
Член 43

Студентот може да премине од редовен во вонреден студент во случаите утврдени со член 11, со плаќање школарина.

Студенот може да премине од вонреден во редовен студент доколку престанале причините за студирање како вонреден студент и е во согласност со прописите за бројот на студенти во групи за настава, вежби и сл., со плаќање школарина.

Премините од ставовите 1 и 2 од овој член се вршат при заверка, односно запишување на семестар.

Студент гостин
Член 44

Студентот гостин може да биде редовен или вонреден студент од друг универзитет во земјата или од странство, кој запишува делови од студиска програма на Универзитетот.
Статусот на студент гостин трае најдолго една учебна година.

Правилата и обврските на студентот гостин, износот на трошоците за студирањето, можноста за продолжување на студиите на единицата на Универзитетот и други прашања поврзани со статутот на студентот гостин се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит-трансфер систем и преминот од една на друга студиска програма, односно од една на друга единица на Универзитетот, како и договорот склучен помеѓу студентот гостин и Универзитетот.

Студент на мобилност
Член 45

Студентот на мобилност може да биде редовен или вонреден студент на Универзитетот кој запишува делови од студиската програма на универзитетот во странство, најдолго една учебна година.

Пред аплицирање и запишување на предмети на странскиот универзитет, студентот на мобилност е должен да добие потврда/согласност од координаторот или предметниот наставник на еквивалентниот предмет на единицата на Универзитетот заради потврдување на компатибилноста на предметот на странскиот универзитет со програмата на универзитетот од најмалку 80%. По завршување на мобилноста, студентот до единицата на Универзитетот доставува договор за учење и транскрипт на оценки, врз основа на кои бара пренесување на кредитите и оценката. Оценката и кредитите за положениот испит се содржани во одлука на наставно-научниот совет и се запишуваат во индексот и во е-досието. Запишувањето во индекс го прави овластено лице на единицата, кое става печат и број и датум на решението.

Освоените кредити од испитите положени со мобилност се признаваат во соодветниот семестар, како што се предвидени на Универзитот.

Правата и обврските на студентот на мобилност, износот на трошоците за студирање, продолжувањето на студиите на единицата на Универзитетот и други прашања поврзани со статусот на студентот на мобилност се уредуваат со Правилникот за единствениот кредит-трансфер систем и меѓународните програми за мобилност.

Член 46

Почнувајќи од третиот семестар студентите можат паралелно да запишуваат предмети од друга студиска програма во рамките на единицата на Универзитетот заради нејзино совладување, со тоа што вкупниот број на кредити од двете студиски програми во еден семестар не смее да го надмине бројот утврден со членот 27 од овој Правилник. По успешното совладување на двете студиски програми студентот добива две дипломи.

ИСПИТЕН РЕЖИМ И НАЧИН НА ОЦЕНУВАЊЕ

Член 47

Наставните дисциплини од студиската програма можат да се полагаат: **континуирано** - преку колоквиуми или **преку завршно оценување**.

Проверката на знаењето на студентот, по наставните предмети, се врши во текот на наставно-образовниот процес и се изразува во поени. Во зависност од бројот на освоени поени студентот добива оценка изразена во броеви од 5 (пет) до 10 (десет), при што оценката 5 (пет) означува недоволен успех. Проверката на знаењето по одделни наставни предмети се врши на начин определен од предметниот наставник, а кој начин се вградува во студиската програма и се спроведуваат во роковите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Член 48

Во рамките на континуираното оценување студентот полага два колоквиуми.

Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положи вториот колоквиум, истиот ја полага целата испитна материја во првиот наредeн испитен рок. Доколку не го положи, полага завршен испит во наредните испитни рокови.

Член 49

Оценката од завршното или континуираното оценување задолжително се запишува во индексот, во пријавата за завршно оценување и во електронски систем.

Оценувањето на студентите во прв циклус студии ќе се вреднува на следниот начин:

- Редовни студенти во прв циклус студии :
  1. Присуство на час_студентот може да добие максимум 5 бода (максимум 3 бода за присуство на предавања + максимум 2 бода присуство на вежби)
  2. Активност на час_ студентот може да добие максимум 5 бода (максимум 3 бода активност на предавања + максимум 2 бода за активност на вежби)
  3. Проектна задача (домашна задача, вежби, проект, семинарска работа и сл.)_ студентот може да добие максимум 10 бода,
  4. Прв колоквиум _ студентот може да добие максимум 40 бода (минимум 21 бод за положување на прв колоквиум),
  5. Втор колоквиум_ студентот може да добие максимум 40 бода (минимум 21 бод за положување втор колоквиум),
  6. Недисциплина_ -10 boda (негативни поени, по одлука на предметниот наставник)

Студентот може да освои максимум 100 бода.

- Вонредни студенти во прв циклус студии:
  1. Проектна задача (домашна задача, вежби, проект, семинарска работа и сл.)_ студентот може да добие максимум 10 бода,

2. Прв колоквиум _ 45 бода (минимум 21 бод за положување на прв колоквиум),
3. Втор колоквиум_ 45 бода (минимум 21 бод за положување на втор колоквиум).

Студентот може да освои максимум 100 бода.

Стекнатите поени по основ на присуство и активност на предавања и вежби важат само до евентуалното повторно запишување на предметот.

Правото на стекнатите поени од другите активности (семинарски трудови, проекти, менторство и др.) останува и доколку студентот повторно го запише предметот.

Член 50

Доколку студентот ги положи двата колоквиуми и заедно со другите активности од континуираното оценување освои повеќе од 50 поени, тој поднесува испитна пријава за завршно оценување во редовните испитни рокови и притоа не се јавува на завршното оценување.

Доколку студентот освои повеќе од 50 поени само со полагање на колоквиумите, тогаш за позитивна оценка не му е потребен дополнителен број поени од другите активности, освен ако тие не се предвидени како задолжителни со предметната програма.

Член 51

Доколку студентот не ги положи колоквиумите како начин на полагање на испитот, тогаш целата материја од предметната програма ја полага на завршниот испит. Ако предметот е во зимскиот семестар, ова право трае до првото наредно запишување на зимскиот семестар. Ако предметот е во летниот семестар, ова право трае до наредното запишување на летниот семестар.

Редовните студенти кои не го положиле, односно не го полагаат испитот преку колоквиуми, т.е. го полагаат испитот само преку завршно оценување, се оценуваат со поени од 0 до 80, при што услов за положен завршен испит се освоени минимум 41 поен, но и освоени најмалку уште 10 поени од другите активности наведени во член 49, што значи вкупно над 50 поени. Доколку студентот освои повеќе од 50 поени само на завршното оценување, тогаш за позитивна оценка не му е потребен дополнителен број поени од другите активности, освен ако тие не се предвидени како задолжителни со предметната програма.

Член 52

Пред објавувањето на резултатите од завршното оценување, предметниот наставник е должен да објави прелиминарна листа за постигнатите резултати на студентите кои предметот го полагале преку континуирано оценување (колоквиуми).
Листата од претходниот став ги содржи поените освоени на колоквиумите и другите форми на континуирано оценување.

Предметниот наставник ја формира конечната оценка врз основа на претходно објавените резултати од колоквиумите и другите активности и истата ја објавува во резултатите за завршно оценување за соодветниот испитен рок.

Член 53

За континуираното како и за завршното оценување, остварените резултати на студентите јавно се објавуваат најдоцна во рок од 10 дена од одржувањето на колоквиумот односно испитот.

Предметниот наставник објавува прелиминарна листа на резултатите во која се внесени сите елементи што биле основа за формирање на завршната оценка. Доколку

во рок од 5 (пет) дена од објавувањето нема забелешки на објавената прелиминарна листа, предметниот наставник објавува конечни резултати.

Ако има оправдани забелешки од страна на студентот во рок од 5 дена од објавувањето на прелиминарната листа, предметниот наставник ја корегира листата и повторно ја објавува со внесените корекции, после што истата станува конечна.

Студентот има право на формален писмен приговор на објавената конечна листа од претходниот став во согласност со член 66 од овој Правилник.

Член 54

Формирањето конечна оценка од континуираната проверка на знаењата, завршното оценување и останатите активности во рамките на предметната програма, се врши врз основа на вкупниот број освоени поени по сите основи, и тоа:

- од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
- од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
- од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
- од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)
- од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
- од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет).

Член 55

Доколку при утврдувањето конечен број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број.

Конечната оценка се евидентира во пријавата за испит што ја пополнува и потпишува предметниот наставник во индексот, извештај за испит и во електронскиот систем за евиденција.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ ИСПИТИ И ВОДЕЊЕ ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНИТЕ ИСПИТИ

Член 56

Проверката на знаењата на студентите се врши преку колоквиумски седмици (во осмата и петнаесеттата седмица во секој семестар) и во три испитни рокови: февруарски, јунски и септември ски. Колоквиумските седмици и испитните рокови се дефинирани во Календарот за реализација на студиската година.

Со одлука на Сенатот, може да се утврдат најмногу уште два испитни рока во текот на студиската година. Во овие испитни рокови студентите за полагањето на испитите плаќаат определен надоместок согласно Ценовникот на Универзитетот.

Студентите кои стекнале статус на апсолвент имаат право да ги полагаат сите заостанати предмети во сите испитни рокови.

Член 57

Студентите го вршат пријавувањето на испитите со пополнување испитни пријави и нивно поднесување до службата за студентски прашања во определените рокови за пријавување на испитите и преку системот за електронска евиденција.

Студентот може да го пријави испитот и по предвидениот рок, но најдоцна до денот на одржување на испитот, пришто се плаќа определен надоместок за задоцнетото пријавување.

Службата за студентски прашања врши проверка на поднесените испитни пријави и изготвува записник за спроведување на испитот, генериран од системот за електронска евиденција, во којшто се внесени кандидатите за полагање на испитот по соодветниот предмет.

Записникот не може да се надополнува со други кандидати, по започнувањето на испитот.

Член 58

На денот на спроведување на испитот, предметниот наставник е должен да го провери идентитетот на студентот и да провери дали истиот е внесен во записникот за спроведување на испитот. Проверката на идентитетот се врши врз основа на индексот, а по потреба и на личната карта.

Член 59

Студентите кои добиле позитивна завршна оценка преку полагање на колоквиуми и други начини на континуирано оценување на знаењето, поднесуваат пријава за испит во испитните рокови најдоцна до наредното запишување на предметот во соодветниот семестар.

Член 60

Студентите за секое полагање на завршниот испит по определена наставна дисциплина плаќаат надоместок за полагањето на испитот во согласност со Ценовникот.

Член 61

Право на проверка на знаењето и евидентирање завршна оценка остваруваат само студентите што го запишале и пријавиле соодветниот предмет, без разлика дали тој предмет е запишан по првпат или повторно е запишан.

Член 62

Конечните резултати од испитите и колоквиумите (вклучувајќи ги и табелите со доделените поени по сите основи) задолжително се објавуваат на огласна табла и /или на веб страницата на Универзитетот (според број на индекс), при што предметниот наставник е должен да чува примерок од истите.

Резултатите од испитите и колоквиумите се чуваат и во електронска форма.

Член 63

Предметниот наставник е должен да ги чува материјалите врз чија основа се доделени поени при континуираното и завршното оценување (тетратки, тестови, семинарски, проектни задачи итн.), 1 (една) година по објавувањето на конечните резултатите.

Предметниот наставник, за секоја студиска година посебно, води евиденција и во електронска форма за постигнатите резултати од колоквиумите и другите форми на континуирано оценување.

Член 64

Предметниот наставник е должен најдоцна во рок од 20 дена од одржувањето на испитот до Одделението за студентски прашања и ЕКТС да ги достави потпишани испитните пријави, примерок од објавените резултати од испитот и записникот за

спроведување на испитот по соодветниот предмет, при што бројот и оценките на положените кандидати треба да е идентичен.

Одделението за студентски прашања и ЕКТС врши проверка на испитните пријави и доколку тие се исправни, ги внесува во досието на студентот. Доколку службата за студентски прашања утврди определена неисправност на одреден број испитни пријави, за истото, најдоцна во рок од 5 (пет) дена од доставувањето на пријавите, го известува предметниот наставник, а по потреба и продеканот за настава. Предметниот наставник врши исправка на неисправните пријави во рок од 5 (пет) дена од известувањето и истите ги доставува до Службата за студентски прашања којашто ги внесува во досието на студентот.

Член 65

На барање на студентот Универзитетот издава Уверение или документ за завршното оценување врз основа на податоците во пријавите за испитите за секоја предметна програма, потпишани од наставникот.

Просечниот успех на студентот претставува аритметичка средина на оценките од завршното оценување по сите наставни предмети во текот на студиите на студиската програма, вклучувајќи ја и дипломската работа.

ПРИГОВОР НА ЗАВРШНА ОЦЕНКА

Член 66

Ако студентот не е задоволен од оценката на завршното оценување или ако смета дека испитот не е спроведен во согласност со Законот за високото образовние и интерните акти на Универзитетот, тој може да поднесе приговор до деканот, во рок од 24 часа од објавувањето на конечните резултати на веб-страницата на Универзитетот.

Ако деканот утврди дека се исполнети условите од ставот 1 на овој член, наставникот ќе ја преиспита оценката од завршното оценување во рок од 3 (три) дена.

Ако наставникот не ја преиспита оценката што ја утврдил во рокот од претходниот став или остане на истата, или пак го прифати приговорот, но студентот повторно не е задоволен со добиената оценка, на барање на студентот, испитот се полага пред тричлена комисија составена од наставници од иста или сродна наставно-научна област, во наредните 24 часа, наредниот работен ден, доколку испитот се полага усно, а доколку испитот се полага писмено во истиот рок Комисијата ја оценува истата писмена задача.

Комисијата од претходниот став ја формира деканот и во истата предметниот наставник не може да биде член. Членови во Комисијата можат да бидат наставници и од други единици на Универзитетот или други универзитети во земјата.

Оценката на комисијата е конечна.

Член 67

После три неуспешни полагања на завршниот испит по одреден предмет, студентот има право при пријавувањето на испитот да поднесе барање до деканот на единицата, за полагање на испитот пред комисија. Постапувајќи по барањето на студентот, деканот на единицата донесува одлука за формирање комисија од три члена, пред која
студентот, во таа испитна сесија, ќе го полага испитот.

Комисијата е составена од тројца наставници од иста или сродна наставно-научна област. Предметниот наставник не може да биде член на оваа Комисија. Испитот пред Комисијата задолжително се полага писмено.

Член 68

По барање на студентот, му се овозможува да го повтори завршното оценување за повисока завршна оценка по наставен предмет, во период од најмногу три последователни испитни сесии од полагањето на испитот. Ова право студентот може да го оствари доколку нема дипломирано.

Деканот, во рок од 3 (три) дена од поднесувањето на барањето, донесува решение по барањето.

Со уважувањето на барањето за преполагање на испитот претходно добиената оценка се поништува.

ДИПЛОМСКА РАБОТА

Член 69

Во согласност со студиската програма, по завршувањето на сите испити, студентот изработува и брани дипломска работа, пред комисија во состав од двајца членови.

Во случај на паралелно студирање на повеќе студиски програми, студентот брани толку дипломски работи колку што стекнува дипломи.

Темата за дипломската работа на прв циклус студии се избира од подрачјето на студиската програма од првиот циклус.

Составот на комисиите за одбрана на дипломска работа се определува со одлука на наставно-научниот совет.

Првиот член на оваа комисија, којшто истовремено е ментор, задолжително е предметниот наставник од соодветната дисциплина на која се однесува темата.

Во текот на една академска година кај еден наставник може да се пријават најмногу 20 дипломски работи.

Доколку постојат оправдани причини кај еден наставник да се пријават повеќе од 20 дипломски работи, ректорот дава согласност на барањата од студентите кои сакаат да пријават дипломска работа кај наставник што веќе е ментор на 20 дипломски работи.
За втор член на комисијата се определува наставник од истата или слична област. Во случај на отсуство на вториот член на комисијата на денот кога треба да биде одбраната на дипломската работа, со одлука на ректорот се определува негова замена.

Студентот ја избира темата на дипломската работа во договор со менторот.

Член 70

Дипломската работа се запишува при упис на последниот семестар. Пријавата за дипломска работа студентот ја поднесува до Одделението за студентски прашања во текот на шестиот семестар кај тригодишните студии односно во текот на осмиот семестар кај четиригодишните студии, а најдоцна 90 дена по завршување на сите предвидени испити во студиската програма. Овој рок може да биде продожен по барање на студентот заради оправдани причини.

Пријавата за дипломска работа ги содржи следниве податоци: име и презиме, број на досие, назив на тема за дипломската работа, ментор, предмет, образложение на научната, уметничката и стручната оправданост на темата, план за работа, преглед на литература, датум на пријавата и потпис на наставникот – ментор и предлог за член во комисијата.

Во прилог на пријавата за дипломска работа, студентот доставува потпишана изјава со која под морална, материјална и кривична одговорност изјавува дека е автор на дипломската работа, односно дека трудот претставува авторско дело на студентот напишано под менторство на избраниот ментор.

Пријавата за дипломска работа се разгледува на првата наредна седница на наставно-научниот совет кој одлучува за утврдување на темата, определување ментор и формирање комисија за одбрана на дипломската работа.

По завршување на предвидените испити за студиската програма, студентот поднесува пријава за отворање студентско досие. Одделението за студентски прашања и ЕКТС ја доставува пријавата до комисијата за проверка на студентското досие. Комисијата за проверка на студентското досие ја разгледува доставената пријава, врши увид во студентското досие и изготвува записник. Ако студентското досие е комплетно (положени сите испити предвидени со соодветната студиска програма, освоен потребниот минимален број кредити, исполнети евентуалните други обврски предвидени со студиската програма, регулирани финансиските и другите административни обврски и др.), комисијата за проверка на студентско досие изготвува извештај со кој потврдува дека студентско досие е комплетно. Извештајот за комплетно студентско досие, Одделението за студентски прашања го доставува до комисијата за одбрана на дипломската работа, која определува датум за одбрана на дипломската работа.

Датумот за одбрана на дипломската работа го определуваат менторот и студентот, по претходно доставен извештај за комплетно студентско досие.

Доколку студентското досие не е комплетно, комисијата за проверка на досие, досието го враќа во Одделението за студентски прашања за да го комплетира студентското досие.

Одбраната на дипломската работа е јавна и за истата се води записник. Дипломската работа се оценува со оценка од 5 (пет) до 10 (десет).

Со успешната одбрана на дипломската работа студентот се стекнува со право за добивање на уверение и диплома за завршени студии на соодветната студиска програма на единицата на Универзитетот.

Доколку студентот не ја одбрани дипломската работа, тој повторно поднесува пријава за изработка на дипломска работа. Новото барањето за определување тема и ментор, може да содржи предлог за истиот ментор но со различна тема и кратка содржина.

На барање на студентот и со приложен доказ за отсуство од земјата, деканот може да му одобри одбрана на дипломска работа на далечина преку интернет и дефиниран медиум, во посебно утврдена постапка и во согласност со менторот и членовите на комисијата.

Член 71

Студентот брани дипломска работа најдоцна во рок од 8 (осум) години сметајќи од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус (додипломски) четиригодишни студии.

Студентот брани дипломска работа најдоцна во рок од 6 (шест) години сметајќи од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус (додипломски) тригодишни студии.

Студентот брани дипломска работа најдоцна во рок од 6 (шест) години од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус стучни студии.

Студентот брани дипломска работа најдоцна во рок од 10 (десет) години од денот на почетокот на семестарот во академската година во којашто студентот се запишал на прв циклус интегрирани студии.

По барање на студентот, во оправдани случаи наведени во член 39, наставно-научниот совет може да одобри продолжување на рокот за одбрана на дипломската работа, но најмногу за една година.

ЈАЗИК НА РЕАЛИЗАЦИЈА

Член 72

Наставата на првиот циклус студии на единиците на Универзитетот се изведува на англиски јазик.

СТУДЕНТИ

Член 73

Прашањата поврзани со статусот на студентите и нивните права и обврски како и дисциплинските мерки се дефинирани со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, и статутите на единиците на Универзитетот.

Престанок на статусот на студент
Член 74

На студентот му престанува статусот на студент ако студентот:

- дипломира
- не ги заврши студиите во рокот утврден со закон, Статутот или правилата за студирање на Универзитетот
- се испише
- е исклучен и
- во други случаи утврдени со правилата за студирање на Универзитетот.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен.

По обновувањето на статусот, студентот може да ги продолжи студиите по студиска програма која се применува.

Во случај на промена на студиската програма, студентот е должен да ги ислуша дополнителните предмети, исполни обврските и да ги полага различните предмети во студиската програма.

Студентот на кој му е обновен статусот, ги продолжува студиите во согласност со овој Правилник со плаќање школарина.

Статусот од ставот 1 на овој член може да биде обновен според постапката утврдена со Статутот на Универзитетот, освен ако статусот не престанал со трајно исклучување.
Трошоците за обновување на статусот ги поднесува студентот, а истите се определуваат со општ акт на Универзитетот.

КОНФЛИКТ НА ИНТЕРЕСИ

Член 75

Предметниот наставник кој е член на комисијата за одбрана на дипломска работа, не може да биде лице кое со студентот кој го брани дипломскиот труд е роднина по крв во права линија до кој и да е степен, а во странична линија до четврти степен, или му е брачен другар, лице со кое живее во вонбрачна заедница или роднина по сватовство до втор степен.

Доколку студентот со предметниот наставник е во роднинска врска согласно став 1 од овој член, наставникот е должен да се изземе за тој студент од комисија за одбрана на дипломскиот труд и за тоа да го извести деканот на единицата.

Во таков случај, деканот на единицата, во комисијата за одбрана на дипломскиот труд, на местото од изземениот наставник назначува друг наставник од иста или сродна научна област во рамките на истото научно поле.

ДИПЛОМИ

Член 76

Лицето кое завршило прв циклус студии се стекнува со назив дипломиран и додавка на соодветната област, ако со закон поинаку не е уредено.

Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на прв циклус студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните додипломски студии, односно на нивото VI А за четиригодишните додипломски студии од Националната рамка на квалификации утврдена со Законот за националната рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на квалификации.

Со завршување на стручните студии од 60 до 120 ЕКТС кредити се стекнува соодветен стручен назив, во согласност со закон. Квалификациите кои се стекнуваат со завршување на студиска програма на првиот циклус на стручни студии припаѓаат на нивото VI Б за тригодишните стручни студии од прв циклус, односно на нивото V А за кратки стручни студиски програми од прв циклус со 60 до 120 ЕКТС кредити од Националната рамка на високообразовни квалификации утврдена со Законот за националната рамка за квалификации и соодветствуваат на ниво VI, односно ниво V од
Европската рамка на високообразовни квалификации.

Студентот кој ќе ги изврши сите обврски по студиската програма за добивање на високо образование во прв циклус на образование Универзитетот и единицата на Универзитетот, врз основа на евиденцијата што се води за него му издава диплома.
Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, академскиот назив по завршување на додипломските студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea.

Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, стручниот назив по завршување на првиот циклус на стручни студии е bachelor или baccalaureus, односно baccalaurea, со додавка на струката, ако со закон поинаку не е уредено.

Со дипломата од ставот 5 на овој член се потврдува дека студентот завршил студиска програма од прв циклус и се стекнува со соодветен стручен или научен назив.

Составен дел на дипломата е додаток на дипломата.

Диплома и додаток на дипломата на Универзитетот ја потпишува ректорот и реканот на единицата на Универзитетот и се заверува со сув печат на Универзитетот.

Заедничката диплома и додаток на дипломата ја потпишуваат ректорот на Универзитетот и овластените лица на високообразовните установи со кои се организира студиската програма за стекнување на заедничка диплома.

Промоцијата на лицата кои завршиле стручни или академски студиски програми од прв циклус на студии ја врши деканот на единицата на Универзитетот според постапка утврдена со правилата на единицата на Универзитетот.

Член 77

Дизајнот и содржината на дипломата и уверението ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

Член 78

На студентот кој ќе заврши само дел од студиска програма за стекнување на образование на прв циклус му се издава уверение, генерирано од системот за електронска евиденција, за завршениот дел од студиската програма која содржи податоци за нивото, природата и содржината на студиите, како и постигнатите резултати.

Член 79

Содржината и формата на дипломата и упатството за подготовка на додаток на дипломата и на другите јавни исправи определени со Законот за високо образование ги пропишува мРинистерот надлежен за работите на високото образование.

СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ЗАЕДНИЧКА ДИПЛОМА

Член 80

На Универзитетот, односно неговата единица може да се организира студиска програма од прв циклус за стекнување заедничка диплома, заедно со друга единица на Универзитетот, заедно со еден или повеќе универзитети, односно самостојни високи стручни школи од Република Македонија или од странство акредитирани во земјата во која и е седиштето, за што одлучува Универзитетот на сопствена иницијатива или на предлог на единиците на Универзитетот.

Кога Универзитетот изведува студиска програма за стекнување на заедничка диплома со странски универзитет, односно самостојни високи стручни школи, се применуваат прописите на оној универзитет, односно самостојна висока стручна школа каде што се изведува студиската програма во поглед на соодносот на застапеноста на задолжителните и изборните предмети.

Заедничката диплома е јавна исправа во која задолжително се наведени универзитетите и нивните единици, односно самостојни високи стручни школи кои заеднички учествувале при изведувањето на студиската програма.

Содржината и обликот на заедничката диплома како и прилозите кон дипломата ги определува Универзитетот.

СТУДИСКА ПРОГРАМА ЗА ДВОЈНА ДИПЛОМА

Член 81

Врз основа на билатерален договор, со којшто се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу Универзитетот/Единицата и универзитет, односно самостојна висока стручна школа од Република Македонија или од странство акредитирани во земјата во која им е седиштето, Статутот на Универзитетот и овој Правилник, универзитетот/единицата може да реализира студиска програма за двојна диплома и да издава двојна диплома.

НАГРАДИ

Член 82

Студентот може да добива соодветни награди и признанија за посебно покажани резултати во студирањето. Видот на наградите и критериумите и процедурите за нивно доделување ги утврдуваат Универзитетот и/или единиците на Универзитетот.

АДМИНИСТРАТИВНА ТАКСА

Член 83

Барањата за издавање управни и реални акти, согласно со Законот за општата управна постапка, односно барањата за остварување заштита на правата и правните интереси на студентите, подлежат на административна такса согласно со Законот за административните такси, освен барањата за издавање оригинал-уверенија и оригинал-дипломи за завршени студии, како и за други дејствија за кои не се плаќа такса согласно со закон.

Пријавите за испит и обрасците за запишување и за заверка на семестар не подлежат на административна такса.

РОКОВИ

Член 84

Сите наведени рокови во овој Правилник не течат во периодот од 15 јули до 25 август, како и во неработни денови.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 85

Студентите запишани на студиски програми заклучно со студиската 2018/2019 година продолжуваат да студираат според правилата за студирање кои важеле пред донесувањето на овој Правилник. Доколку одредени одредби од овој Правилник се поповолни за студентите, во тој случај се применува овој Правилник.

Член 86

Овој Правилник влегува во сила на денот на објавувањето во Универзитетскиот билтен.

претседател на Универзитетски сенат,
проф. д-р Нинослав Марина, с.р.